РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-3384/10
20.08.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ЗАПИСНИК**
**од 32-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 07.08.2024 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата не беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (годишен одмор).**

**Раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот-Шеф на кабинет м-р Драгица Љубевска го заменуваше директорот на Агенцијата согласно Овластување арх. бр.03-2745/1 од 13.06.2024 година.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, м-р Арбен Саити, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 32-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:05 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за", го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 9-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 29.07.2024 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 31-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 29.07.2024 година.
3. Предлог за покренување постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО ПРО-ФМ ДОО Гостивар.
4. Предлог-одлука за одбивање на писмено барање од заинтересирана страна за донесување одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа, на регионално ниво, на подрачјето на град Скопје.

5. Предлог-решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското друштво за радиодифузија ТВ – КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица.
6. Предлог-решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар.
7. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - услуга: Тест за безбедност и издржливост на мрежата и интернет сајтовите на Агенцијата.
8. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Истражување - Анализи на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите.
9. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Одржување Денови на медиумска писменост 2024.
10. Предлог – одлука за исплата на надоместок за смрт на член на семејство на вработен во Стручната служба на Агенцијата.
11. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 9-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 29.07.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 31-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 29.07.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот-Шеф на кабинет м-р Драгица Љубевска го образложи Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО ПРО-ФМ ДОО Гостивар. Објасни дека на 24 јули оваа година направен е контролен надзор над радиодифузерот и констатирано е дека не постапил по изречената мерка јавна опомена и не ја исполнил обврската од член 15 став 1 од Законот за медиуми, според која радиодифузерите се должни до 31 март во тековната година да достават образец кој е пропишан од страна на Агенцијата со податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање во 2023г., остварените вкупни приходи и расходи од обезбедувањето на дејноста во 2023г. и за просечната слушаност во 2023 година. Рокот од 45 дена за доставување на документот истече на 19 јули. Во таа насока Стручната служба во неколку наврати оствари телефонски разговор со радиото, но и покрај тоа радиодифузерот не ја достави до Агенцијата потребната документација. Од таа причина се предлага да се покрене постапка за одземање на дозволата.

Г-дин Петрушевски посочи дека и минатиот пат кога беше предлогот за мерка јавна опомена дал забелешка во смисла на тоа колку е строг Законот за непочитување на член 15 став 1 од Законот за медиуми, бидејќи во овој случај не се работи за парична казна, туку за најстрогата казна, а тоа е одземање на дозволата за емитување. Рече дека не го разбира медиумот зошто вака постапил, а Советот нема друг избор во гласањето освен да го спроведе Законот.

Г-дин Ајдини рече согласно материјалите гледа дека бил остварен контакт со сопственикот или уредникот на радиото и праша дали овие денови повторно некој од Стручната служба телефонски се слушнал со некој од радиото?

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева информираше дека неколку пати колешката од Одделението за стратешко планирање остварила контакт и тоа е наведено во Извештајот од контролниот надзор. Телефонскиот разговор во неколку наврати е остварен со еден од сопствениците и одговорно лице управителот г-дин Пајтим Саити, меѓутоа и покрај тоа тие не доставиле документи.

Г-дин Петрушевски рече дека сѐ уште имаат време бидејќи ќе добијат дополнително уште 15 дена и се надева дека ќе постапат согласно Законот.

Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО ПРО-ФМ ДОО Гостивар, поради тоа што радиодифузерот не постапил по Решението за преземање мерка – јавна опомена бр.03-167 од 31.05.2024г., по спроведен редовен административен надзор (Писмен извештај за извршен административен надзор бр.03-2120/1 од 29.04.2024г.) и не ја исполни обврската од член 15 став 1 од Законот за медиуми.

Доколку горенаведениот радиодифузер до Агенцијата не достави податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање во 2023г., остварените вкупни приходи и расходи од обезбедувањето на дејноста во 2023г. и за просечната слушаност во 2023г., Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ПРО-ФМ ДОО Гостивар, Уп1 бр.08-95 од 07.09.2023г., поради напред наведеното прекршување на ЗМ, а согласно со член 83 став 3 од ЗАВМУ.

Г-дин Петрушевски, по гласањето, рече Стручната служба да вложи напори и да му се јави уште еднаш, да го извести за роковите и сериозноста на последиците доколку не се усогласи си член 15 став 1 од ЗМ.

**Точка 4**

Раководителката Љубевска ја образложи Предлог-одлуката за одбивање на писмено барање од заинтересирана страна за донесување Одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа, на регионално ниво, на подрачјето на град Скопје. Објасни дека Здружението на Граѓани за Афирмација и Промоција на Мото Културата БАЈКЕРС ГАРАЖ Скопје го поднесе наведеното барање до Агенцијата, но бидејќи се распишаа изборите за претседател на државата и избор на пратеници, Агенцијата го извести подносителот на Барањето дека постапката ќе продолжи откако ќе завршат

изборите и откако ќе се формира Влада. По официјално завршување на изборите, Агенцијата побара од подносителот на Барањето да се изјасни дали сè уште е заинтересиран за добивање на дозвола. По добиениот позитивен одговор, Агенцијата се обрати до Агенцијата за електронски комуникации која на 1 август достави Известување дека за сервисната зона – Град Скопје нема можност за определување на нова фреквенциска доделба. Согласно ЗААВМУ и со оглед дека нема слободни фреквенции, се предлага ова Барање да биде одбиено.

Г-дин Петрушевски рече дека е очекувано Барањето да биде одбиено бидејќи нема слободни фреквенции затоа што Скопје како главен град на државата е многу атрактивно подрачје кое нуди можност за поголеми приходи.

Г-дин Фиданоски рече дека му е жал  што нема слободна фреквенција на подрачјето на Скопје, но тоа е така и АВМУ не е во можност да измени нешто. Лично смета, се надева дека не греши во неговата проценка, дека медиумскиот пејсаж ќе беше збогатен со едно вакво непрофитно радио кое што ќе имаше своја целна група на слушатели.

Г-дин Ајдини рече дека жали што поради технички причини не може да се објави јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување. Објасни дека го разгледал Барањето и дека програмската шема за него била многу интересна со емисиите кои ги нуди заинтересираната страна, но за жал предлогот е Барањето да се одбие поради немање на фреквенција.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се одбива Писменото барање од заинтересираната страна, Здружение на Граѓани за Афирмација и Промоција на Мото Културата БАЈКЕРС ГАРАЖ Скопје, арх.бр.08-1432/1 од 26.03.2024г. со дополнување арх.бр.08-1432/4 од 08.07.2024г. за донесување на одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа, на регионално ниво, на подрачјето на град Скопје, со оглед дека согласно со Планот за доделување и користење на радиофреквенциите се утврди дека нема слободна радиофреквенција за радио емитување на програмски сервис на територијата на градот Скопје, односно дека за сервисната зона – Град Скопје нема можност за определување на нова фреквенциска доделба.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски по гласањето рече, доколку е упорен предлагачот и доколку се ослободи наредните години слободна фреквенција би било добро да го повтори Барањето.

**Точки 5 и 6**

Г-дин Петрушевски предложи двете точки да се образложат со еден вовед, една дискусија а потоа секоја посебно да се гласа бидејќи станува збор за иста постапка, бришење од регистарот на радиодифузери како последица на веќе одземената дозвола на ТВ – КАНАЛ ВИС од Струмица и БАЛКАН ФМ РАДИО од Гостивар.

Раководителката Љубевска ги образложи предложените решенија за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското друштво за радиодифузија ТВ – КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица и Трговското радиодифузно друштво БАЛКАН ФМ РАДИО

ДООЕЛ Гостивар. Објасни дека дозволата на овие радиодифузери е одземена, на ТВ Канал Вис од Струмица на првото продолжение на 30-та седница на Советот одржана на 24 јули, а на БАЛКАН ФМ РАДИО од Гостивар на 31-та седница одржана на 29-ти јули. Согласно ЗААВМУ, а имајќи ги предвид овие причини, радиодифузерите треба да бидат избришани од регистарот на радиодифузери кој го води Агенцијата.

*Гласање по Точка 5*

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 6*

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 7**

Раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот-Шеф на кабинет м-р Драгица Љубевска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - услуга: Тест за безбедност и издржливост на мрежата и интернет сајтовите на Агенцијата. Објасни дека оваа потреба се спроведува заради идентификација на можни слаби точки на информатичко комуникацискиот систем кој што треба да биде во согласност со Законот за заштита на личните податоци влезен во сила август 2021 година. Идентификација на можните слабости е во функција на преземање на понатамошни чекори за потполна заштита на личните податоци кои ги обработува Агенцијата. Вкупниот износ на средствата потребен за реализација на оваа набавка изнесуваат 250 илјади денари без вклучен ДДВ кои се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за 2024 година. Набавката е од мала вредност и ќе се спроведе со примена на одредбите од Законот за јавни набавки. Критериумот за доделување на Договорот е најдобар соодност помеѓу цената и квалитетот односно цена 50 бодови и квалитет 50 бодови.

Г-дин Петрушевски рече дека е добро што ќе се спроведе оваа јавна набавка и се надева дека ќе се избере квалитетна фирма која навремено ќе ги детектира сите можни проблеми што е добро за иднината на информатичките системи во Агенцијата и за самите веб страници.

Г-дин Трајчев рече дека ќе даде забелешка за сите три јавни набавки кои се предложени за оваа седница. Согласно материјалите гледа дека во нив се ставени бодови за квалитет во однос на цената. Советот на Агенцијата утврдува само потреба од јавна набавка и не навлегува во начинот на спроведување но принципиелно, негово

лично мислење и сугестија е дека треба да се избегнат бодови за квалитет , односно да се постави критериум најниска цена за евалуација во однос на квалитетот.

Г-дин Петрушевски се изјасни дека ќе го подржи спроведувањето на набавката вака како што е предложено, не станува збор за трошење на големи пари, а од друга страна се бара стручно познавање. Рече дека Советот не мора да има исто мислење, но како што кажал г-дин Трајчев, ќе се поддржи предлогот како потреба, а не во техничките детали.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - услуга: Тест за безбедност и издржливост на мрежата и интернет сајтовите на Агенцијата.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот - услуга: Тест за безбедност и издржливост на мрежата и интернет сајтовите на Агенцијата е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2024 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4729/1 од 22.12.2023 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024-та година.

**Точка 8**

Раководителката Љубевска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Истражување - Анализи на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите. Објасни дека спроведувањето на оваа набавка е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2024 година на Агенцијата, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024-та година. Вкупниот износ на средствата потребни за реализација на договорот изнесува 650 илјади денари без вклучен ДДВ а доделувањето на Договорот ќе се спроведе со примена на поедноставена отворена постапка согласно одредбите од Законот за јавни набавки. Критериумот за доделување на Договорот е сооднос помеѓу цената и квалитетот, односно цена 40 бодови и квалитет 60 бодови.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - услуга: Истражување - Анализи на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот - услуга: Истражување - Анализи на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2024 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4729/1 од 22.12.2023 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024-та година.

**Точка 9**

Раководителката Љубевска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Одржување Денови на медиумска писменост 2024. Објасни дека спроведувањето на оваа набавка е во согласност со

Годишниот план за јавни набавки за 2024 година на Агенцијата, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024-та година. Вкупниот износ на средства потребни за реализација на набавката изнесува 1 милион и 500 илјади денари без вклучен ДДВ. Предмет на јавната набавка е избор на економски оператор кој што треба да осмисли и изработи имиџ и рекламна кампања за Деновите на медиумска писменост 2024, промотивен материјал и да ги спроведе сите потребни активности за реализација, вклучувајќи и еднодневна конференција. Доделувањето на Договорот ќе се спроведе со примена на поедноставена отворена постапка согласно одредбите од Законот за јавни набавки, а критериум за доделување на Договорот е повторно соодносот помеѓу цена и квалитет односно цена 25 бода и квалитет 75 бода.

Г-дин Трајчев рече дека повторно ќе дискутира за соодносот цена-квалитет. Советот нема ингеренции да учествува во техничката спецификација на директорот и Стручната служба е како ќе ја спроведат постапката, Советот гласа само за утврдување на потреба. Но овој однос каде што цена е само 25 проценти за него е многу чудно и негова сугестија е тоа да се промени. Но сепак Советот нема надлежности во тој дел и само може да даде свое мислење.

Г-дин Фиданоски постави прашање за минатогодишната јавна набавка за Денови на медиумска писменост 2023, каков бил соодносот цена-квалитет? Затоа што ако минатогодишната беше со ист сооднос како сегашниот, смета дека минатата година имаше квалитетно организирани и реализирани Денови на медиумска писменост и АВМУ успешно се престави во вистинско светло онака како што доликува на еден од лидерите на оваа област во Македонија. Неговата сугестија е согласно и она што го кажал г-дин Трајчев, дека можеби односот цена 30 бода и квалитет 70 бода нема да биде лош затоа што оваа набавка како и претходните две што беа, се суптилни набавки. Точката за Истражување - Анализи на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите е законска обврска на Агенцијата која што подоцна се користи како материјал во работата на Собранието. Исто и набавката за Тест за безбедност и издржливост на мрежата и интернет сајтовите на Агенцијата, е важна бидејќи се можни хакерски упади и блокади на системи и смета дека не треба да биде примарен критериум само цената, треба да се одберат квалитетни понуди кои што ќе дадат сигурност, стабилност и квалитетна реализација на барањата од Агенцијата од страна на економските оператори кои ќе го добијат Договорот за јавната набавка. Се изјасни дека ќе даде поддршка и за оваа точка и предложи соодносот да биде цена 30 бода и квалитет 70 бода доколку Стручната служба нема против.

Раководителката Љубевска во однос на прашањето на г-дин Фиданоски одговори дека соодносот кај минатогодишната јавна набавка за Денови на медиумска писменост 2023 е идентичен како сегашната, односно цена 25 бода и квалитет 75 бода. Објасни дека овие критериуми се формирани врз основа на претходните искуства што Агенцијата ги имала за оваа јавна набавка. На почетокот кога започна да се спроведува ваков тип на набавка и цената беше одлучувачки критериум, се добиваа многу лоши понуди и при тоа мораше Стручната служба да го сработи она што требаше да го сработи економскиот оператор за што имаше добиено Договор и за да Деновите на медиумска писменост се одржат на едно квалитетно ниво.

Г-дин Фиданоски рече дека ја повлекува неговата сугестија за корекција на соодносот цена 30 бода и квалитет 70 бода. Смета дека сепак е добар предлогот цена 25 бода и квалитет 75 бода затоа што минатогодишната набавка беше во целост квалитетно реализирана.

Г-дин Петрушевски рече дека ќе го поддржи предлогот и верува во неговата оправданост.

Г-дин Трајчев рече дека ќе се надоврзе на она што го кажала раководителката Љубевска, односно аргументот дека претходно имало лоши оператори затоа што критериумот бил најниска цена. Смета дека не е оправдан од причина што може да се направат критериуми со кои ќе учествуваат оператори што ги задоволуваат условите, а од друга страна во самите услови во Договорот доколку тие не постапуваат по она што е напишано во договорот има механизми и начини на активирање на гаранции и слично. Не може Агенцијата да работи ако веќе некој оператор склучил договор и за тоа зима средства кои се државни пари, а за кои Советот треба да се грижи наменски да се употребуваат. Има начини и механизам да секој еден оператор што ќе се појави и ќе конкурира за таа јавна набавка да си ја заврши својата работа, во спротивно Агенцијата има свои механизми. На крајот рече дека останува на неговиот став дека ваков вид на набавки не треба да се прават со ваков сооднос воопшто, само треба да се стават други критериуми со кои што ќе се избегнат лоши оператори, и да нема субјективно одлучување на Агенцијата да цени квалитет, туку тоа да биде дадено со јасно определени критериуми и услови. Објасни дека сепак Советот нема ваква надлежност, туку гласа само за потреба од јавна набавка, постапката и начинот на спроведување е надлежност и одговорност на Агенцијата.

Г-дин Ајдини рече дека ќе го поддржи спроведувањето на јавната набавка. Деновите на медиумската писменост се одржуваат последната недела на октомври, а таа недела се преклопува со 27-ми октомври, светскиот ден на аудио и аудиовизуелното наследство усвоен од страна на УНЕСКО 2005 година, а се однесува на заштита и сочувување на филмското и културното наследство со цел да се подигне јавната свест за важноста на заштита на овој вид запис. Ова го кажува бидејќи минатата година кога се одржуваа Деновите на медиумска писменост имал интервју во Македонско радио програма на албански јазик и сите прашања биле на оваа тема, дали АВМУ го одбележува овој ден, бидејќи УНЕСКО ги охрабрува сите насекаде да се придружат кон прославата на 27ми октомври, со презентирање на нивните вредни колекции, со што сегашните и идните генерации ќе можат да уживаат во ова богатство кое претставува наше заедничко наследство. Знае дека можеби АВМУ не е најкомпетентна за ова, но во соработка со други институции на пример со Кинотека на Македонија или со медиумите може да го одбележи овој настан, да се додаде во програмата кога ќе се одржуваат Деновите на медиумската писменост.

Г-дин Фиданоски рече дека не би сакал г-дин Трајчев да го разбере дека му реплицира, но според него станува збор за една комплексна набавка која содржи повеќе различни елементи што мора да бидат вклопени во една целина која ќе биде адекватна и квалитетна. Се согласува со него дека може да се поставаат критериуми кои доколку не бидат исполнети од оператор што ќе ја добие набавката, потоа има можност на друг начин да се компензира, да биде санкциониран, но тоа ќе биде некако народно кажано „после свадба тапани", затоа што во таа недела на медиумска писменост кога е потребна функционална реализација на набавката, ќе помине со низа пропуштени

работи и светлото во кое Агенцијата ќе се презентира како организатор и еден од носителите на медиумската писменост во Македонија ќе биде на некој начин затемнето. Затоа смета дека секогаш треба да се цени која е најдобрата понуда и кои се тие критериуми кои треба да се поставаат, но секогаш принципиелно се залагал како и г-дин Трајчев за неговите принципи, дека за некои набавки односот квалитет и цена треба да постои и да биде избалансиран за да се добие најдобра можна понуда.

Г-дин Петрушевски рече дека ќе ја поддржи набавката онака како што е предложена во онаа смисла како што кажал г-дин Трајчев за потребата, а не би навлегувал во техничките детали затоа што има аргументи во она што го кажал г-дин Трајчев, а се работи и за доверба, ако има доверба во Стручната служба и ако таа си ја сработи работата професионално и непристрасно нема никакви дилеми дека ќе биде правично спроведена набавката.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - услуга: Одржување Денови на медиумска писменост 2024.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот - услуга: Одржување Денови на медиумска писменост 2024, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2024 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4729/1 од 22.12.2023 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024-та година.

**Точка 10**

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за исплата на парична помош - надоместок за смрт на член на потесното семејство – родител (мајка), на работник во Секторот за стратешко плнирање и заштита на авторски права, во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во висина од 15.000,00 (петнаесет илјади) денари.

Горенаведените средства се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024 година.

**Точка 11**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**